Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonise se Veruit
Avokatura e Shtetit e Republikes
se Maqedonise se Veruit

02- 58 /1
**Скопје ,06.02.2024 година**

Државно правобранителство
на Република Северна
Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје

тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351

e-mail dpskopje@dprsm.gov.mk

# ГОДИШЕН ПЛАН НА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈАТА ЗА 2024 ГОДИНА

## ВОВЕД

Во согласност со своите надлежности кои што се утврдени во Законот за државно правобранителство(Сл весник на РМ бр.87/07 и 104/15), Државното правобранителство на Република Северна Македонија како државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија, е еден од субјектите кои имаат значајна улога во превентивниот пристап во борбата против корупцијата.

Поаѓајќи од фактот дека неговата организациска структура ја сочинуваат именувани лица кои својот работен ангажман го засноваат на доследна примена на Законите, се наметнува и потребата од донесување на Планови и програми кои ќе опфатат активности токму во насока на спречување на евентуална злоупотреба на службената положба, за стекнување лична корист.

За сузбивање на корупцијата како општествено зло, вработените во Државното правобранителство треба да бидат убедени дека злоупотребата во институциите, односно незаконитото дејствување не треба да се толерира, или со еден збор кажано, да бидат убедени во принципот на нулта толеранција кон корупцијата.

Планот за спречување на корупција на Државното правобранителство има за цел јакнење на сопствениот институционален капацитет преку примена на ефикасните антикорупциски политики. Тој е донесен во согласност со Стратешкиот план и програмите за работа на институцијата во континуитет.

Имајќи ја во предвид актуелната состојба со корупцијата, како во нашата земја и пошироко во регионот на земјите од Западен Балкан (Југоисточна Европа), напредокот на Република. Северна Македонија како земја – кандидат за членка на ЕУ би зависел од напредокот на институциите внатре, кои единственото решение за подобрување на ваквата состојба треба да го гледаат во брзото дејствување во рамките на зададените обврски од страна на европското семејство. Затоа, овој документ не претставува ниту нова или дополнителна методологија во овој процес,

туку напротив со него само се запознаваат/насочуваат вработените до постојните упатства и методологии за: проценка на интегритет, управување со ризиците од корупција, управување со судирот на интереси, методологија за следење на имотната состојба на вработените и.т.н..

Целта на постојниот систем за спречување и борба против корупцијата, кој ги опфаќа горенаведените упатства, методологии и слични на нив пропишани форми да се зајакнува во континуитет на сите институционални нивоа, го осмислува и донесувањето на овој План со кој ќе се заокружи работата на Државното правобранителство како државен орган од големо значење во тој систем. Во рамките на својата детерминирана надлежност, Државното правобранителство ги штити имотните права и интереси на Република Северна Македонија и на државните органи основани со закон, пред судовите и другите органи во земјата и странство, поради што има значајно место и влијание во општествениот систем.

## 1. СЕГАШНА СОСТОЈБА

Државното правобранителство на Република Северна Македонија е основано со Законот за државно правобранителство (Сл весник на РМ бр.87/07 и 104/15), со кој се уредуваат организацијата и надлежноста на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, условите и постапката за именување и разрешување на Државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители, нивните овластувања, права и должности, средствата за работа, пристапот до информации, соработката со органите на државната управа и други прашања од значење за работата.

Државното правобранителство на Република Северна Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија. Државното правобранителство ги остварува своите надлежности врз основа на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Приоритетна цел на органот е правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија, пред судовите и други органи во земјата и странство. Ефикасноста во своето работење ја постигнува со тим составен од обучен кадар.

Децениите поминати во реализација на целта за правна заштита на државата од повеќе аспекти придонесе Државното правобранителство на Република Северна Македонија да стане самостоен државен орган кој претставува важен фактор при остварување и заштита на имотните права и интереси на државата.

Согласно Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државно-правобранителската функција бр.41-148/1 од 8 февруари 2022 година на Владата на Република Северна Македонија утврдени се 16 седишта на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државно-правобранителската функција и тоа во Скопје, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип, Битола, Велес,

Кочани, Куманово, Тетово, Струга, Кичево, Гостивар, Охрид и Дебар.

Со Одлука бр.45-5748/1 од 20 август 2019 година на Владата на Република Северна Македонија (Сл весник на 3/08, 215/2018 и Сл весник на РСМ бр. 178/2019 и 187/2022) определен е бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија при што за подрачје Скопје 18 (осумнаесет) државни правобранители, за подрачје Гостивар и Куманово определени се 4 (четири) државни правобранители, за подрачјата Битола, Тетово, Струга, Кичево, Кочани и Велес по 3 (три) државни правобранители и за подрачјата Охрид, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип и Прилеп по 2 (двајца) државни правобранители и за подрачје Дебар 1 (еден) државен правобранител.

Во Државното правобранителство на Република Северна Македонија во примена се Правилник за внатрешната организација на Државно правобранителство на Република Северна Македонија ДП бр.02-141/20-1 од 03.06.2020 година со органограм и Правилник за систематизација на работните места во Државно правобранителство на Република Северна Македонија ДП бр.02-141/20-2 од 03.06.2020 година, ДП бр.02-141/20-3 од 23.02.2021 година, ДП бр.02-141/20-4 од 16.03.2021 година, ДП бр.02-141/20-5 од 22.06.2021 година, ДП бр.02-141/20-6 од 24.12.2021 година, ДП бр.02-141/20-7 од 07.02.2022 година и ДП бр.02-141/20-8 од 15.06.2022 година, кој претрпе осум измени, дополнувања и усогласување согласно Законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (Сл весник на РСМ 302/2020) како и согласно План за преземање на нераспределените административни службеници вработени преку К-5 програма. Согласно внатрешните акти формирани се 3 сектори и тоа Сектор за управување со човечки ресурси со 2 одделенија: Одделение за организациски развој и обука и Одделение за матична евиденција, Сектор за правни, општи и заеднички работи со 3 одделенија: Одделение за правни работи и застапување, Одделение за општи и заеднички работи и Одделение за превод, и Сектор за финансиски прашања со 2 одделенија: Одделение за буџетска координација, буџетска контрола, координација на јавни набавки, стратешко планирање и следење и Одделение за сметководство и плаќања. Како независно одделение е формирано Одделение за внатрешна ревизија.

Донесен е Годишен распоред за работа на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2024 година бр.02-1477/1 од 28.12.2023 година, измени и дополнувања бр. 02-1477/2 од 30.01.2024 година.

Државното правобранителство на Република Северна Македонија има донесено Стратешки план за 2024-2026 година бр.02-816/1 од 28.07.2023 година

Стратешки план на Државното правобранителство на Република Северна Македонија е стратешки документ преку кој се дефинираат активностстите за остварување на својата конкретна и единствена цел. Стратешкиот план за период од 2024 година- 2026 година, претставува контиунирано продолжување на стратешките цели и приоритети на Државното правобранителство на Република Северна Македонија,

програмите, активностите, потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација, како и очекуваните резултати. Како застапник по закон на државата Државното правобранителство на Република Северна Македонија своите стратешки цели ги утврдува преку стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во својот домен на дејствување.

Државното правобранителство на Република Северна Македонија во целост ги спроведува одредбите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно кој се определени службени лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер што ги создал или располага Државното Правобранителство на Република Северна Македонија согласно своите надежности во сите 16 подрачја во кои се обавува државнопрвобранителската функција. Доставен е Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2023 година до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Списокот на лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер што ги создал или со кои располага Државното правобранителство на Република Северна Македонија согласно своите надлежности во сите 16 подрачја во кои се обавува државно правобранителската функција е објавен на веб страната на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Државното правобранителство на Република Северна Македонија успешно и навремено ги спроведува целите и активностите предвидени согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, во која учествува во работната група 23 Правосудство и фундаментални права.

Активностите кои се однесуваат на процесот на набавка, детално се пропишани со Законот за јавни набавки и во нивното спроведување во целост Државното правобранителство на Република Северна Македонија се придржува на законските одредби како и одредбите од подзаконските акти.Секоја година на почетокот согласно финансискиот план се носи Годишен план за јавни набавки.

Во случаите на вработување на државни службеници во целост се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.

При планирањето и трошењето на буџетските средства во целост се применува Законот за буџетите.

Донесено е Решение за назначување на лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите ДП Бр 02-134/19-1од 25.02.2019 година.

Донесено е Упатство за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите ДП бр. 02-134/19 од 25.02.2019 година

Со тоа многу од активности на Државното правобранителство на Република Северна Македонија се опишани и одредени на начин како се спроведуваат Со тоа со Акциски план кој е составен дел на овој План ќе се одредат рокови во рамките на кои ќе се извршат одредени активности поврзани не само со проценката и описот на работните процеси, туку и со самопроценка на системот на финансиско управување и контрола, со проценка и управување со ризици, воспоставување на контрола и друго.

## 2. ПРОЦЕНА И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Ризикот се одредува како можност за случување на некој настан кој може неповолно да влијае на остварувањето на целите. Управувањето со ризиците е сеопфатен процес на утврдување, проценување и следење на ризикот, земајќи ги во предвид целите на органот и преземање на потребни мерки со цел намалување на ризикот. Значи, проценката на ризикот ќе опфати одредување на целите на работењето, можните ризици кои влијаат на нивното остварување, ќе се спроведе нивно оценување во однос на веројатноста за случување и важност на последиците и воспоставување на соодветни мерки за управување со ризиците.

Стратешките ризици, односно ризиците кои се однесуваат на работењето на целиот субјект ќе ги процени раководителот на субјектот. Оперативните ризици ќе се проценат на ниво на секој работен процес. Секој раководител ќе ги процени ризиците на ниво на својата организациона единица, односно на ниво на работен процес кој се одвива во неговата организациона единица и ќе предложи мерки за ублажување на ризикот односно кои контроли треба да ги воспостави за да се овозможи намалување на негативното влијание од ризикот.

## 3. КЛУЧНИ ФАЗИ ВО ПРОЦЕСОТ НА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

1. Проценка на интегритет, *прва фаза* од овој План која би ги опфатила следните активности:

- дефинирање на овластувања и одговорности
- контрола и следење на квалификуван персонал со соодветно ниво
- почитување на Кодексот за административните службеници и Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата
- обука на тема:„Системот на интегритет како антикорупциска мерка и политика“

2. Донесувањето на Правилник за управување со ризици од корупција (УРК во понатамошниот текст) кои се специфични за работењето на институцијата, *втора фаза* од овој План која би ги опфатила следните активности:

- идентификација на ризици
- анализа и оценка на идентификувани ризици

3. *Третата фаза* од Планот за спречување на корупцијата предвидува интензивирање, односно примена на превентивни мерки за спречување на судирот на интереси преку преземање на следните активности:

- Ажурирање на Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците на пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите за заштита на укажувачи
- кратка обука за запознавање и потсетување на поимот и состојбата на судир на интереси
- Државните правобранители за соодветно подрачје, советниците и другите вработени во Државното правобранителство на Република Северна Македонија имаат обврска да го известат Државниот правобранител на Република Северна Македонија доколку постои судир на интереси меѓу нив и странките во предметот, заради субјективност во постапувањето.Во такви случаи вработените се должни да побараат од Државниот правобранител на Република Северна Македонија изземање од постапување.

4. Борбата против корупцијата претставува и задолжителна обука за вработените во Државното правобранителство за препознавање и пријавување на коруптивно однесување како четврта *фаза* со следните активности:

- обука на тема:„Препознавање и пријавување на корупција"
- работилница на тема:„Примена на Законот за заштита на укажувачи"

5. Капацитетот на институцијата во сферата на борбата со корупцијата, како *Петта фаза*: Воспоставување на автоматизиран компјутерски систем за управување, сигурност и заштита во заведувањето и распоредувањето на предметите кои се водат во Државното правобранителство на Република Северна Македонија како проверена и современа алатка за внесување на сите податоци во и од институцијата. Овој начин на водење на книгите/уписниците се покажа како ефикасен во сите државни органи каде е воведен.

Електронската евиденција на документите како напредна техника на канцелариско работење, не само што овозможува брз и лесен пристап до податоците, туку го олеснува и процесот на контрола и надзор врз работењето на сите меѓусебно, што од аспект на реализација на овој План има посебно значење.

6. Шеста *фаза*: Изработка на унифицирана веб-страница според највисоките стандарди за транспарентност како конкретна активност. Со новата веб-страница се предвидува објавување на одлуки, објавување на договори за јавни набавки и сл. со

единствена цел да се овозможи поголем увид, односно мониторинг над работењето на Државното правобранителство од страна на јавноста која има интерес и право да знае, по принцип кој е својствен за секој демократски систем.

Државното правобранителство ќе продолжи да ги презема сите потребни мерки за понатамошно јакнење и зголемување на транспарентноста на своето работење, ќе ги почитува забелешките на надворешните контролни органи и тела и максимално ќе го користи својот расположив капацитет за заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија и на државните органи основани со закон, пред судовите и другите органи во земјата и странство.

## 4. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

За да се воспостави системот на спречување на корупцијата потребно е да се преземат следните активности:

-Постојано, редовно, благовремено, економично преземање на сите правни мерки и средства во постапките кои се водат пред судовите и другите органи и институции

-Донесување на Годишен распоред за работа на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2024 година;

-Изготвување на План за јавни набавки за 2024 година;

-Изготвување на финансов план за 2024 година;

-Изготвување на Годишен извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија

-Да се изработат полугодишни извештаи за спроведување на Законот за постапување по претставки и предлози;

-Да биде изработена годишна Информација за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;

-Да се изготват полугодишни извештаи за спроведување на Законот за спречување на корупцијата;

- Да се изготви Годишен план за вработување за 2024 година и да се изготват полугодишни извештаи;

- Спроведување на Годишен план за вработување за 2024 година;

-Да се изготви План за годишна обука и да се изготват полугодишни извештаи за реализирање на Планот за годишна обука;

-Да се одржат работилници (семинари) на ниво на државни правобранители, на стручниот кадар и на стручно-административниот кадар;

-Унапредување и координирање на функционалниот процес на стратешко планирање;

-Подобрување на квалитетот на процесот на стратешко планирање и зајакнување на интеграцијата со буџетскиот процес;

-Зголемување на институционалните капацитети за подготвување и спроведување на стратешкиот план, евалуација и известување на постигнатите резултати;

Составен дел на планираните активности е Акциски план за спроведување на Планот за спречување на корупција во Државното правобранителство на Република

Северна Македонија, во кој се наведени активностите, роковите на нивно спроведување, извршителите и носителот на истите.

## ЗАКЛУЧОК

Борбата против корупцијата е сложен процес кој бара целосна посветеност, ангажман и иницијативност на сите субјекти во општеството. Државната антикорупциска политика ќе забележи успех, единствено ако не е изолирана во рамките на институциите. Сите тие треба да го дадат својот придонес преку системски координирано делување против корупцијата во склоп со стратешките цели за реформските процеси и развој на државата.

Предвид наведеното, целосната реализација на донесениот План за спречување на корупција на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, ќе зависи од меѓуинституционалната соработка на највисоко професионално и стручно ниво која секогаш предвидува навремена размена на податоци и информации, техничка помош или логистичка поддршка согласно потребите и можностите на двете страни.

Државното правобранителство преку свои номинирани претставници континуирано треба да биде дел од тимовите/работните групи/комисиите во состав на другите надлежни органи на власта и државата секогаш кога се работи на донесување на нови закони или советување за спроведливоста на веќе донесените со цел надминување на разликите во примена и толкување на тие закони.

Периодот за реализација на планираните активности во овој документ е определен на една година почнувајќи од јануари 2024 година заклучно со декември 2024 година.

Изработил:**Генерален секретар Андријана Сливоска**

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Agron Reçi**

**Доставено до:**
-огласна табла
-Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење
-веб страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија
-предмет